**Влада на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Дата: | **18 март 2025 година** |
| Архивски број: | 50-2771/6 |
| До: | **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија<br>Скопје** |

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, што го утврди на седницата, одржана на 18 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИК: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, март 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 32/17, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 239/19 и 41/22) се уредува висината на минималната плата, финансиската поддршка за раст на плати во повисок износ од минималната плата, како и други прашања кои се однесуваат на минималната плата.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија да се усогласат со споменатите измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 32/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 239/19 и 41/22), во член 4 во ставот (5) зборовите „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерот за економија и труд”.

Член 2

Во член 4-в во ставовите (2) и (3) зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 3

Во член 4-г зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 4

Во член 5-в во ставовите (2) и (3) зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.
Во ставот (4) зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 5

Во член 5-ѓ во ставот (2) зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.
Ставот (3) се менува и гласи:
„Министерството за економија и труд врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеја 2 од овој закон, врз основа на податоци кои Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за економија и труд на месечно ниво.”

Член 6

Во член 7-б во ставот (1) зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 7

Во член 7-в во ставот (4) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија” .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија содржи осум члена.

Со членовите од 1 до 7 од Предлогот на закон, се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), со кои се врши пренесување на досегашните надлежности на Министерството за труд и социјална политика на Министерството за економија и труд.

Со членот 8 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување  на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

## II. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНА ПЛАТА

Член 4

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со:

- 50% од порастот на просечно исплатената нетоплата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и

- 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Висината на минималната плата, утврдена согласно со ставот (1) на овој член, не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нетоплата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(4) Во просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

(5) Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економскосоцијалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за месец март во тековната година.

Член 4-в

(1) Работодавачот во месечната пресметка за интегрирана наплата што ја поднесува до Управата за јавни приходи, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ги означува вработените лица од членот 4-а од овој закон, за кои бара обезбедување на финансиска помош.

(2) Заради вршење на исплата на финансиската помош, Управата за јавни приходи обработените податоци од ставот (1) на овој член, ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој се бара исплата на финансиска помош.

(3) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон, се исплатува преку Министерството за труд и социјална политика.

Член 4-г

(1) Начинот на обезбедување на финансиската помош од членот 4-а од овој закон го пропишува министерот за труд и социјална политика, во согласност со министерот за финансии.

Член 5-в

(1) Работодавачот во Месечната пресметка за интегрирана наплата што ја поднесува до Управата за јавни приходи, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ги означува работниците од членот 5-г од овој закон, за кои бара обезбедување на финансиската поддршка.
(2) Заради вршење на исплата на финансиската поддршка Управата за јавни приходи обработените податоци од ставот (1) на овој член ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој се бара исплата на финансиската поддршка.
(3) Финансиската поддршка се исплатува преку Министерството за труд и социјална политика.
(4) Начинот на обезбедување на финансиската поддршка го пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии.

Член 5-ѓ

(1) Управата за јавни приходи врши проверка на исполнетоста на условите од членовите 5-а и 5-б од овој закон.
(2) Министерството за труд и социјална политика врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеи 1 и 3 од овој закон, врз основа на податоци кои Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ги доставува до Министерството за труд и социјална политика на месечно ниво.
(3) Министерството за труд и социјална политика врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеја 2 од овој закон, врз основа на податоци кои Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика на месечно ниво.

Член 7-б

(1) Прекршочната постапка за прекршоците од членот 7-а ставовите (1), (2) и (3) од овој закон, ја води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија која ја формира министерот за труд и социјална политика.
(2) Прекршочната постапка за прекршоците од членот 7-а став (4) на овој закон, ја води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.
(3) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од став (1) на овој член, како и постапката по правен лек против одлуката на надлежниот суд од став (2) на овој член, се спроведува согласно со Законот за прекршоци.

Член 7-в

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочен платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.